Врз основа на чл. 36 став (1), т. 15 и чл. 62, а во врска со чл. 22 став (1), т. 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), чл. 3, став (3) и чл. 11, став (3) и чл.12 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009; 36/2011; 51/2011; 166/2012; 15/2013; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14; 44/14; 116/14; 180/14; 33/15; 72/15; 104/15; 150/15; 173/15; 192/15; 30/16, 163/17 и 51/18), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 03.05.2018 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за обезбедување на социјални пакети со храна и средства за хигиена за социјално загрозени граѓани жители на Општина Кочани

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот на одобрување на финансиска помош за обезбедување на социјални пакети со храна и средства за хигиена за социјално загрозени граѓани жители на Општина Кочани.

### Член 2

Право на социјален пакет со храна и средства за хигиена имаат социјално загрозени граѓани жители на Општина Кочани кои исполнуваат најмалку еден од наведените услови и тоа:

- Да се корисници на социјална парична помош и/или на постојана парична помош (за барателот; за брачна/вонбрачна заедница едниот член да е носител на правото другите членови да се соуживатели);
- Невработени лица – за брачна/вонбрачна заедница да се невработени и двајцата брачни/вонбрачни другари;
- Да се корисници на детски додаток или
- Да се лица кои не оствариле приходи по кој било основ.

### Член 3

Финансиската помош за обезбедување социјален пакет со храна и средства за хигиена на социјално загрозени граѓани жители на Општина Кочани ја одобрува Градоначалникот на Општина Кочани со донесување на решение, доколку барателот докаже дека ги исполнил условите за остварување на ова право утврдени со овој правилник.

Висината на финансиската помош за обезбедување социјален пакет со храна и средства за хигиена може да изнесува најмногу 1.500,00 денари за социјален пакет по барател, односно брачна/вонбрачна заедница, а секоја буџетска година висината на социјалниот пакет со храна и средства за хигиена се утврдува со Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани во рамки на планираните и обезбедени буџетски средства.

Средствата во рамките на кои Градоначалникот на Општина Кочани може да одобрува финансиска помош за обезбедување социјален пакет со храна и средства за хигиена на социјално загрозени граѓани жители на Општина Кочани се обезбедуваат во Буџетот на Општина Кочани секоја буџетска година, во согласност со Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани која ја донесува Советот на Општина Кочани.

### Член 4

Барањето за одобрување на финансиска помош за социјален пакет со храна и средства за хигиена се поднесува во

архивата на Општина Кочани со следната прилог документација:

1. Фотокопија од лична карта на барателот,

2. Изјава за давање согласност за користење на лични податоци - во оригинал,

3. Изјава за семејната состојба- во оригинал.

За докажување на социјално-загрозената состојба во која се наоѓа, односно за исполнување на најмалку еден од утврдените услови во чл.2 на овој Правилник, барателот приложува најмалку еден од наведените документи:

- Потврда дека е корисник на социјална парична помош и/или потврда дека е корисник на постојана парична помош, издадена од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Кочани. Документот се доставува во оригинал и не треба да биде постар од 1 (еден) месец;

- Потврда за невработено лице од Агенцијата за вработување на Република Македонија – Центар за вработување – Кочани. Доколку барателот е во брачна/ вонбрачна заедница задолжително доставува потврда за невработено лице за себе и за брачниот/вонбрачниот другар. Документите се доставуваат во оригинал и не треба да бидат постари од 1 (еден) месец;

- Потврда дека е корисник на детски додаток, издадена од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Кочани. Документот се доставува во оригинал и не треба да биде постар од 1 (еден) месец или

- Уверение за остварени нето приходи во претходната година издадена од Управата за јавни приходи. Документот се доставува во оригинал и не треба да биде постар од 1 (еден) месец и со истиот се докажува дека барателот нема остварено приходи по било кој основ. Доколку барателот е во брачна/вонбрачна заедница задолжително доставува Уверение за остварени нето приходи и за брачниот/вонбрачниот другар).

Документите кои се приложени кон барањето се доказ во постапката и не се враќаат на барателот.

Член 5

Подносителот на барањето е должен да дава точни податоци.

Ако се утврди дека барателот дал нецелосни или невистинити податоци, тој го губи правото уредено со овој правилник во тековната година.

Член 6

Барањето за одобрување на финансиска помош за социјален пакет со храна и средства за хигиена со приложената документација се разгледува во Одделението за јавни дејности при Општина Кочани. За секое разгледано барање и неговата основаност или неоснованост се изготвува записник до Градоначалникот.

Врз основа на поднесеното барање и приложените докази, доколку се констатира дека истото ги исполнува условите пропишани со овој Правилник, Градоначалникот ќе донесе Решение во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, со кое на барателот ќе му одобри финансиска помош за обезбедување социјален пакет со храна и средства за хигиена во висина утврдена со Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани која ја донесува Советот на Општина Кочани за секоја буџетска година, но неповеќе од максималниот износ утврден во ставот 2 на членот 3 на овој Правилник.

Доколку барањето е некомплетно, нецелосно и/или не ги исполнува условите пропишани со овој Правилник, Градоначалникот ќе донесе Решение за одбивање на барањето.

За донесеното Решение писмено се известува барателот.

Член 7

Финансиската помош за обезбедување социјален пакет со храна и средства за хигиена се одобрува еднаш годишно по поднесено барање и тоа според следните услови:

- Еден социјален пакет со храна и средства за хигиена за барател кој не е во брачна/вонрачна заедница или
- Еден социјален пакет со храна и средства за едно семејство (брачна/вонрачна заедница).

Доколку со Решение на Градоначалникот на еден од брачните/вонбрачните другари му е одобрена финансиска помош за обезбедување социјален пакет со храна и средства за хигиена, другиот брачен/вонбрачен другар нема право да поднесе барање за истата финансиска помош во тековната година.

Барателот на кој му е одобрена финансиска помош за обезбедување на социјален пакет со храна и средства за хигиена, истиот може да го подигне социјалниот пакет во рок од 7 дена од приемот на решението од Градоначалникот.

Храната и средствата за хигиена кои ќе ги содржи социјалниот пакет, Општина Кочани ќе ги набавува од избраните најповолни понудувачи за овие стоки согласно спроведените постапки за јавни набавки.

Член 8

Против Решението на Градоначалникот незадоволната странка може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Поднесените жалби ги разгледува комисија формирана од Градоначалникот во состав од најмалку 3 члена со нивни заменици со мандат од 4 години.

Комисијата од ставот 2 на овој член има задача да ги разгледа поднесените жалби и во рок од 5 дена до Градоначалникот да достави извештај од својата работа со предлог за основаноста на поднесената жалба.

Врз основа на поднесениот извештај од комисијата Градоначалникот одлучува со Решение со кое ќе ја прифати или ќе ја одбие поднесената жалба.

Решението на Градоначалникот е конечно и се донесува во рок неподолг од рокот на изјавување на жалбата.

Член 9

Овој правилник може да се измени или дополни само во писмена форма.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09- 1105/1
03.05.2018 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на чл. 36, став (1), т. 15 и чл. 62, а во врска со чл. 22, став (1), т. 7 и т. 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), чл. 3 став (3) и чл.12 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09; 36/11; 51/11; 166/12; 15/13; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14; 44/14; 116/14; 180/14; 33/15; 72/15; 104/15; 150/15; 173/15; 192/15; 30/16, 163/17 и 51/18), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 03.05.2018 година, донесе